- Ликовна уметност
- Опера и балет

- Кујна
  - Сите статии
  - Главни јадења
  - Прилози
  - Салати
  - Десерти
  - Супи
  - Разно

- Фото
- 49НОВИ / 24h

Политика
ЛДП на изборите ќе коалицира со СДСМ

Фудбал
Вардар поразен во Тетово, Шкендија загуби во Велес

Вести
Илјадници протестираат во Азија за женските права (ФОТО+...

Фотогалерија
„Ти не си виновна" - Марш за 8 Март

Вести
Турско воено возило се обидува да ја урне граничната ограда...

Фудбал
Пандев му зеде мерка и на Милан, седми гол за Македонецот...

**1 од 9** следно ›

- Контакт

- Црна хроника
- Колумни
- Автомобилизам
- Оффенсив
- Видео

JO

# Поднесено обвинение против изработувачи на оружје, ги продавале од 150 до 400 евра

Шестмина изработувачи на оружје добија обвинение за преработка на гасни пиштоли во огнено оружје со калибар 7.62 и негова продажба на црниот пазар. Членовите на криминалната група ги продавале пиштолите по цена од 150 до 400 евра на лица обвинети во други кривични дела.



Како што соопшти Јавното обвинителство, на лицата на кои им се става на товар дека сториле кривично дело Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи.

„Во текот на месец октомври 2018 година, првообвинетиот како организатор, со уште тројца обвинети, создал организирана криминална група која до февруари 2019 година, неовластено изработувала, држела, продавала и посредувала во трговија со огнено оружје и муниција во поголемо количество. Првообвинетиот набавувал пиштоли за светлосна и звучна сигнализација од непознато место и му ги давал на второобвинетиот, кој во неговата работилница со употреба на пригоден алат неовластено изработувал огнено оружје. Тој ги вадел цевките што служат за испукување на гасен куршум и со дополнителна неовластена механичка интервенција монтирал метална жлебена цевка, со која овозможувал преправеното оружје да се употребува како огнено оружје за истрелување на проектили од пиштолска муниција обично со калибар 7,65мм. На ваков начин гасните пиштоли ги пренаменувал во огнено оружје кое може да се употребува за нанесување на тешки повреди со смртни последици“, информираат од ЈО.

Надлежниот обвинител предложил одземање на огненото оружје, муницијата и средствата за нивно изработување, пренесување и растурање.

MKD.mk
Like Page 120K likes
Recommend 0 Tweet

# Сподели

Share 0